ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ
на Република Македонија
Бр. 02/0302-162
28.11.2013 год.
СКОПЈЕ 2

МАКЕДОНСКО - БУГАРСКА
СТОПАНСКА КОМОРА
Бр. 0101-197/13
28.11.2013 год.
СКОПЈЕ

ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА
БИЗНИС БЕЗ ГРАНИЦИ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ФФРМ)

*и*

## МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА

### Цел на Меморандумот

Соработката помеѓу **Федерација на фармерите на Република Македонија – ФФРМ** како организација која ги претставува интересите на индивидуалните фармери, фармерите здружени во земјоделски здруженија, кооперативи или земјоделски компании формирани од земјоделски здруженија во Република Македонија и **Македонско-Бугарската Стопанска Комора** како непрофитна стопанска интересна заедница,со главни приоритети за унапредување на економските релации помеѓу компаниите од двете земји. Оваа соработка треба да придонесе кон полесно справување на земјоделците со предизвиците со кои се соочуваат во нивното делување, како што се силната конкуренција на домашниот и странскиот пазар, прилагодување кон стандардите и правилата во процесите на интеграција во Европска Унија и светската глобализација, подобрување на стандардите на живеење во руралните средини, како на социјален така и на економски план, со посебен фокус и на двете организации. За таа цел двете страни се договорија да соработуваат во области кои се од заедничко значење преку заеднички проекти со идеа за подобрување и стимулирање на взаемните економски, културни и општествени иницијативи и промени.

### Области на соработка

Со потпишувањето на овој **Меморандум**, потписниците се согласуваат:

- Да одржуваат редовна комуникација и да разменуваат информации што се од заеднички интерес;
- Да соработуваат во реализирање на заеднички проекти од областа на земјоделството, рурален развој и развој на рурален и еко - туризам

- Заеднички да го промовираат воведувањето на нови технологии на производството, подобрување на маркетингот на земјоделските производи и развој на рурален туризам
- Заедничка медијација во создавање и развивање на дијалог помеѓу земјоделците и копманиите од Р. Македонија и Република. Бугарија
- Заеднички да се залагаат за промоција и развој на регионален пазар
- Заеднички да ги идентификуваат потребите од едукација и тренинг во земјоделскиот сектор и да соработуваат во нивната реализација;
- Заеднички да соработуваат за изнаоѓање на потребни технички и финансиски ресурси за подобрување на стручните знаења и информации во земјоделскиот сектор, како и подобрување на конкурентноста на земјоделските производи;
- Да соработуваат во развојот на функционални форми на здружување на земјоделците и земјоделските компании;

Меморандумот стапува на сила по чинот на потпишување од двете страни.

Доколку една од страните посака да ја прекине соработката треба во писмена форма да ја информира другата страна во врска со оваа одлука.

Меморандумот е потпишан во два примерока по еден за двете страни на 28, ноември, 2013 во Скопје.

***Потписници:***

ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Андрија Секуловски
Претседател на Федерација на фармерите на РМ

М.П.

ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ на Република Македонија Скопје 2

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА
Зоре Темелковски
Претседател на Македонско- Бугарска Стопанска Комора

М.П.

МАКЕДОНСКО - БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА Скопје